Ана Ристоска

# ЛИЛИКА

(Драматизација по мотиви на расказот
"Лилика" од Драгослав Михаиловиќ)

Скопје, 31.05.2004г.

ЛИКОВИ:

| | |
|---|---|
| Лилика | 15 години |
| Ана | 35 години, нејзина мајка |
| Петар | 45 години, очув |
| Јанко | 17 години ( не зборува) |
| Кирил | 25 години ( дечко на Лилика) |
| Црвен | 20 години ( маалски силеџии) |
| Зелен | 20 години |

Се појавува: Четириесет годишен маж.

Се случува во Скопје, денешно време.

Сцена 1

*Улица и барака. Црвен, 20 годишен дечко, одвртува улична светилка. Зелен, 20 год. дечко, му чува стража. Се слушаат чекори, Црвен и Зелен се кријат зад бараката. Лилика, 15 год. девојче и Јанко 18 год. дечко, трчаат и застануваат. Се кријат од другата страна на бараката.*

Лилика: (*ѕирка*) Нема никој.
...Господ да чува, не бркаат ко да сме ограбиле банка. И што?...Ова не е крадење. Еден лепак земав...Ти?

*Јанко од под блузата вади папучи.*

Лилика: Што ќе ти се папучи бе, Јанко?...Од се можно што имаше на тезгата, ти папучи зема?

*Јанко и ги дава папучите на Лилика.*

Лилика: За мене?...Ама се смешни.

*Лилика ги облекува папучите и почнува да се смее.*

Лилика: Две леви си земал...!!!
Сега не можеме ни да ги продадеме. Ти да си ги носиш...
...Ништо тогаш...јас имам лепак, ти...

*Јанко и ги фаќа рацете.*

Лилика: Добро! Добро...заедно ќе дуваме... Пушти ме...
Ако ме пуштиш ќе ти го дадам!

*Од зад бараката излегуваат Црвен и Зелен. Јанко ја пушта. Лилика му бега.*

Лилика: Облечи си ги папучите, може ќе ме фатиш. Ха ха.

*Црвен и Зелен ја фаќаат Лилика. Лилика вриска.И го земаат лепакот од раце.*

Сцена 2

*Стан. Дневна соба. Ана, 35 годишна жена и Петар, 45 годишен маж влегуваат напиени.*

Ана: Ќе ме бутнеше.

Петар: Не те буткав, те држев.

Ана: Што има да ме држиш, не сум пијана.

Петар: Шшш!...шшш...Иди види дали спијат.

Ана: Идам да спијам.

*Ана ги соблекува штиклите, и ги пушта на земја.*

Петар: Не, нее...

*Петар ја фаќа Ана за половина, почнува да ја љуби по врат.*

Ана: Ммм...*( му се обесува на врат)*

Петар: Чекај...чекај малку.

*Петар ја отрга Ана од себе, го разлабавува каишот од панталоните.*

Ана: Зошто цела вечер гледаше во неа?

Петар: Во која?

Ана: Таа со вештачки трепки...светки во косата...светки на газот...и...

Петар: Љубоморна си...? Имаше добри нозе...тоа само...Ама јас не сакам високи. Јас си сакам нешто вакво...

Ана: Што се лигавиш? Ќе видиш цура и...па уште не сакал такви. А да ти седне во скут ќе се подмочаш.

Петар: Е што...што се љутиш? Па во машки ли да гледам?

Ана: Што мораш да буљаш у неа!...Цела вечер...и даваш повод...

Петар: Види ја...Да не гледам?

*Се слуша плачење на бебе од соседна соба.*

Ана: Да не лажеш! (*излегува*)

Петар: Добро од сега ај само во тебе ќе гледам...Ако она сака нешто, не сум јас крив.

Ана: (*се враќа*) Лилика, пак не е во соба.

Петар: Неа и е местото во дом.

Ана: Тоа е мое дете...

Петар: Па што не си мислела, кога си ја правела?

Ана: Како може да си таков гад, јас до деветнаес незнаев што е машко.

Петар: Е да, штркот ти го донесе.

Ана: Уф, колку те мразам...пијан еден...незнаеш ништо друго...освен да пиеш, и да се лигавиш, да пиеш и...

Петар: И? Ии...што? Што и...! Ако си се напила ти повеќе, иди и легни си, не туку ми предавај тука.

*Отвора фрижидер, зема пиво.*

Ана: Ти...ти...продолжи да пиеш...

Петар: Ти ли ќе ми кажуваш колку да пијам ма, неможеш на нозе да стоиш...

Ана: ...Ако сакаш да знаеш, не ми се води љубов кога си пијан...заштo не можеш.

Петар: Ха...Што тропаш?...Ти сама пред малку ми се нафрли...измислуваш дека нешто имаш принципи...уствари сите сте исти...нозете раширени да ги држите...тоа знаете само...

Ана: (*седнува на троседот*) Зошто? Зошто господе?...со што заслужив јас...вака да ми правиш...што сум јас толку крива за се...

Петар: Што плачеш? Што плачеш? Што сеа јас да правам?

*Петар седнува до неа, ја гали по косата.*

Петар: Дојди.(*ја бакнува во чело*) Ајде. Испивме малку повеќе. Знаеш дека не е така...

Ана: Петар, не ме оставај...Не можам сама...

Петар: Шшш...шшш...(*ја бакнува*) Ќе одиме сите еден ден од овде. (*почнува да ја гали по нозе*)

Ана: (*му седнува во скутот*) Се заљубив во тебе Петар...зашто...зашто јадеш со раце, и кога ти паѓа салама на земја не ти е срам.
...Да...тогаш, знаев дека те сакам. ...

*Почнуваат да се љубат. Влезната врата се отвора. Влегува Лилика.*

Ана: (*се врти, ја гледа*) Излегувај!

Сцена 3

*Кош и скршена клупа. Јанко шутира со лименка. Поминуваат Црвен и Зелен.*

*Јанко престанува да шутира. Ги гледа. Тргнува накај нив, застанува.*

Јанко: Ее...ее...Еее ее!

*Црвен и Зелен се гледаат, му се смеат. Си одат.*

*Јанко пак почнува да шутира со лименка. Доаѓа Лилика. Седнува на скршената клупа, го гледа.*

Лилика: Еден ден ќе ти купам баскет. Вистински. Може за осумнаести роденден...

Јанко: Е...Е...Е!

Лилика: Што?

*Јанко шутира, дава кош со лименката.*

Лилика: За мене?

*Доаѓаат Црвен и Зелен. Црвен тапка баскет. Му го подава на Јанко.*

Црвен : Сакаше да играш со нас...Нели?

*Јанко му го враќа. Црвен и Зелен почнуваат да си подаваат. Јанко е во средина.*

Црвен: Што?

Зелен: Што?

Црвен: Фаќај.

Зелен: Фаќај Јанко.

Црвен: Кажи што?

Зелен: Што бе Јанко?

Црвен: Што сакаш?

Зелен: Што бе? Што?

Црвен: Ја фаќаш малата?

Црвен: Добра е?

Зелен: Добра!

*Црвен скока, му паѓа нож од панталоните.*

Црвен: Ајде!

Зелен: (*скока*) Повисоко Јанко.

Црвен: За малку.

*Лилика станува, го зема ножот.*

*Зелен застанува, не го фаќа баскетот.*

Црвен: Ќе те распарам со него.

*Лилика го зема баскетот. Го дупнува, го сече.*

Лилика: Си одиме Јанко.

Црвен: Ќе те начекам курво!

*Лилика му покажува среден прст.*

Сцена 4

*Стан. Дневна соба. Лилика седи на маса, пишува нешто.*
*Влегува Петар.*

Петар: Каде е мајка ти?

Лилика: Го шета брат ми.

Петар: Го шета...А јас, што да јадам?...
...Ти, што не идеш да се прошеташ малку?...Кај ти е Јанко?

Лилика: Од кај да знам.

Петар: Па нели ти е другар?

Лилика: Ми е.

Петар: Се обидел да те фаќа некогаш?

Лилика: Молам?

Петар: Ништо...Не си во школо денес?

Лилика: Бев.

Петар: Лажеш...
...И?...Што ако беше? Кога ќе ги поправиш, оцените?

*Вади пиво од фрижидер.*

...Зашто ја секираш мајка ти?

*Петар седнува на маса до Лилика.*

Лилика: Не сум јас крива...

Петар: Не идеш на часови. Друг и бил крив. Седи и учи, да не го фатам стапот.

Лилика: ...И што ако ме истепаш?...

Петар: ...Молам? ...
Мене ми враќаш?...

*Петар ја удира Лилика, со главата од маса.*

Петар: ...Немој мене заби да ми покажуваш...
...Немој ти мене...Ајде стани...Да. Стани!

*Лилика станува. Петар го вади каишот од панталоните.*

Лилика: Немој те молам.

*Лилика клекнува, му ги гушка нозете на Петар.*

*Се слуша плачење на бебе од соседната соба.*

Петар: Го шета брат ти...?

Сцена 5

*Спална соба. Лилика седи на стол пред огледало, се шминка. Јанко, седи на кревет ја гледа.*

Лилика: ...А си пробал марихуана?

*Јанко ја гледа, се смее.*

Лилика: Што се клештиш, те прашувам.

*Јанко негира со главата.*

Лилика: Ајдее...За твои години, многу си затупен...
...Се зезам...само да знаеш дека нема врска...тоа што зборат. Мислев дека нешто повеќе предизвикува...халуцинации, му се дереш на очувот во фаца... и немаш гајле...али ништо, глупости...
*(се врти кон Јанко)*...Мислиш дека сум убава?...

*Јанко долго ја гледа.*

Лилика: Што си се уплашил? Дај ми цигара, ајде. Никој нема да дојде, а и да дојдат, на крај краева, баш ми е гајле. Вчера пак го правеа она...и не ме пуштија да влезам.
...Више и не ми е интересно, не сум више мала.

*Јанко и дава цигара, Лилика ја пали.*

Лилика: Кога сум нашминкана, изгледам повозрасна...Повеќе ми стои црвен кармин или кафеав. Црвен? ...Не си толку затупен, како што мислиш. Петар секогаш ја тера мајка ми да става црвен. И да облака штикли. И минич... ма да не и стои, баш има криви нозе...
...Ако ме види мајка ми, дека седам овде, и и пипкам по шминките ќе ме убие. Не ме пушта да влагам у спалнава, ко

којзнае што да има. А овој кревет ми е најубав. Многу сакам да скокам кога не се дома.

*Лилика станува и се фрла во креветот. Јанко седи неподвижен*

Лилика: ...Знаеш дека личиш на Џејмс Дин...

*Јанко се смее.*

Лилика: А бе озбилно. Вака у профил.
Сигурно има врска што сте двајцата на 8 фебруари родени...
...Само што ти, 55 години после него.

*Лилика легнува на креветот.*

Лилика: Легни си...
...Си помислил некогаш да си на негово место, барем еден ден...Замисли да се викаш Џејмс Дин...наместо Јанко. Не замисли, да сте се роделе во иста болница, и да ве заменеле по грешка. Ќе беше познат, ќе им беше идол на сите после тебе. Ќе имаше пари колку сакаш...немаше да мораш да живееш у бараки, и да растовараш кај татко ти... Нели би било супер. Само тогаш сигурно не би се дружел со мене. Не би ме ни погледнал, покрај толку девојки...Не?...Не е така?
...Ама ти стварно си ми најдобар другар. Најмногу ме сакаш од сите овде...

*Јанко нагло станува, испаничен.*

Лилика: Што? Што е? Што ти реков лошо?

*Во собата влегува Ана.*

Лилика: (*срипува од креветот)* Мамо?

Ана: Јанко, оди си дома.

Лилика: Ништо не правевме, само седиме.

*Јанко излегува.*

Ана: Што сум ти рекла јас?

Лилика: Само слушавме музика.

Ана: Зашто си се шминкала, те тепал? Се вратил порано...
...Каков ти е овој курвински кармин?!!!

Лилика: Ти го ставаш.

Ана: (*и удира шамар*) Колку години имаш ти?...

Лилика: Иста си ко него...Те мразам! Тој ти кажува што да правиш...

Ана: Престани!

Лилика: Нема да ќутам!

*Ана ја удира силно Лилика, Лилика паѓа на кревет.*

Ана: Извини!

*Ана ја гушка Лилика, и ја става главата при телото.*

Ана:...Извини...Не сакав...Требаше да го чуваш брат ти.

Сцена 6

*Дневна соба. Петар и Ана гледаат телевизија.*

Петар: Кај беше вчера?

Ана: Позади...Спружував веш.

Петар: Зошто лажеш?

Ана: Не лажам Петар, дојдов само што си отишол. Ти кај беше?

Петар: Зошто ме гледаш во очи и ме лажеш? Знаеш дека можам одма да ти речам да си одиш...знаеш дека немаш, една другарка каде можеш да отидеш...На улица...Не треба многу да

мислам...кажи ми каде ќе идеш ако решам да не те пуштам да влезеш?

Ана: Немам каде Петар.

Петар: Тогаш што си и зборела на Лилика?

Ана: Она лаже...знаеш и самиот.

Петар: Си сакала да ме оставиш? Каде ќе одиш жити мајка? Не верувам дека некој маж би те прибрал...а парите што се курваш не ти стигаат газот да си го покриеш...

Ана: Како зборуваш така?...

Петар: А јас будала...´се правам за тебе...ќе те носам во Америка...

Ана: Стварно Петар!...А Лилика?!!

Петар: Не.

Сцена 7

*Чешма помеѓу бараки. Лилика пере веш. Јанко ја гледа, пуши цигара.*

Лилика: Што се правиш важен со тоа цигарата, пуф, пуф?

*Јанко се смее.*

Лилика: Само се смееш, сирот. Две години во домот за џабе. Не те научија да збориш...Сигурно сакаш да ми кажеш многу работи...
...Ај истури ја водава.

*Јанко ја истура кофата со вода.*

Лилика: Сега наполни ја, и врзи го јажето.

*Јанко ја полни кофата со вода, потоа оптегнува јаже на две шипки.*

Лилика: Ти земи пола, јас пола...

*Јанко почнува да го цеди вешот и да го закачува на јаже.*

Лилика: Тие се на мајка ми. Мажите најмногу сакаат црн веш. А мајка ми ако ја прашаш, воопшто не би носела. Еднаш излезе од купатило и да не оди до спална, беше по летно хаљинче, отиде да се поздрави во дневна со гостите, и седеше цела вечер, без веш. После заспав, не видов што било.
...Секогаш му вика на Петар да си купи нови...пошто глеј сите му се скинати...али он не дава пари за веш...Тоа ти е, мажи.

*Јанко ја фаќа за рака, ја носи до вратата од бараката.*

Лилика: Што? Што сакаш?

*Јанко ѕирка низ клучалка, потоа ја пушта Лилика да ѕирка.*

Лилика: Тоа не е више интересно...Па знаеш мајка ти и не изгледа толку лошо гола...јас ја замислував подебела...Дај по една цигара.

*Јанко вади цигари, и дава. Тие седнуваат на земја.*

Лилика: Кажи ми искрено?...Си бил со девојка?

*Јанко гледа на страна.*

Лилика: Не се срами...и јас не сум била...мајка ми ако е вистина...немала дечко до деветнаесет, а ме родила на дваесет. Се заљубила, и на крај памет не и текнувало дека типот може да ја остави бремена. Бил гостин во хотелот, кога работела како собарка. Тој бил од странство...како у оној филмот што го гледавме у кино. Со Џенифер Лопез...ти текнува?

*Јанко клима со главата.*

Лилика: Еден ден, може само ќе му речам на некој да ми направи дете...како што прават у странство...сум слушнала...

...Уствари да имам пари, би си одела одма од овде. Петар ќе не носи во Америка, знаеш?
...Ќе најдам работа, ќе работам било што...Што е? ...Би се вратила по тебе...никогаш нема да те оставам овде...никогаш. Ќе најдеме школо каде ќе те научат да збориш...и еден ден ти ќе учиш деца што не знаат да зборат...

*Јанко се смее.*

Лилика: Озбилно. Слушај, мене ми е досадно...Сакаш да правиме нешто, незнам...да купиме лепак да дуваме, да одиме во кино? Имам пари. Вчера ми ги даде мајка ми. Мислам дека спие со цајканот што го видовме у маало. Петар вика дека е курва...кога е љут...али мајка ми неможе да биде курва...пошто не е толку убава...и има криви нозе. Нели? Јас така мислам...

Сцена 8

*Стан. Петар и Ана седат во дневна соба, Лилика стои пред нив.*

Петар: ...Од кај ти тебе пари за во кино?

*Лилика молчи.*

Ана: Вчера дојде полицаец. Велат дека крадеш...и...и...
...Сакаат да те земат од мене, да те одведат во дом.

Лилика:...Јелена...ми ги даде...мамо!

Петар: Слушаш кој и ги дал?
...А како ги заработила она? ...Кажи ми!

*Петар ја фаќа Лилика за коса.*

Петар: Кажи ми, знаеш ли од кај и се на Јелена пари?

Лилика: Знам.

Петар: Нормално дека знаеш. Курва! (*и врзува шамар*)

Ана: Немој да ја удираш!

Петар: Молчи! Што мајка бара да иде кај градилиштето? А? Зборува со Шиптари, со дилери...каде беше до сега? Сигурно на школо не си била.
...Кога ќе ги поправиш единиците?

Лилика: Она...не ми отвори...

*Ана и удира шамар, Лилика излегува со трчање.*

Петар:...Она ќе биде курва. Ќе донесе копиле, а јас тоа не можам да го гледам. После сите ќе зборат дека јас сум и го направил.

Ана: Вчера плачеше, ми ги гушкаше нозете...ми обеќаше дека ќе биде подобра...а јас...Јас сум млада, треба да живеам, се сум дала за овие деца.
...Ќе ја дадам во дом Петар...Се јавив...

Петар: И? Што рекоа? Ќе ја одведат ли?

Ана: Сигурно...само треба малку да чекаме.

Петар: Да ние само ќе чекаме нешто...Ќе им пише Петар од Америка...

Ана: Само да не покварат нешто, овие од општинава...Рекоа ќе дојдат за ден, два...а ги нема...и они се курви. Нејќат да примаат деца, кои имаат татко и мајка, а ја...за оваа држава сум дала и татко, и мајка и брат, да ти се плукнам на државата.
Петар...кажи ми како е во Америка?...

Сцена 9

*Стан. Петар, и Ана јадат на терпезарија. Лилика поминува покрај нив, облечена да излезе.*

Ана: Лилика седи!

Лилика: Неможам.

Ана: (*ја фаќа за рака*) Кога ќе ти кажам седи има да седиш.

Лилика: Пушти ме! (*седнува)*

Петар: Што правеа тој мажот и жената овде?

Лилика: Ништо. Малку разгледаа, и ме прашаа каде ти се татко ти и мајка ти?
...А јас им реков работат...И уште ме прашаа, зошто не си во школо? А јас им реков, нешто сум болна, ме боли глава...Они уште малку погледаа низ станов, па си отидоа.

Ана: Лилика...јас и Петар одиме за Америка.

Лилика: Кога?

Ана: Оваа недела, ако се е во ред.

Лилика: А јас?

Ана: Ќе ти пратам пари да дојдеш одпосле.

Лилика: Во Америка?

Ана: Да.

Лилика: Лага...Значи готово!...

*Лилика станува и излегува со трчање.*

Сцена 10

*Детска соба. Лилика седи на кревет, разгледува списание. Се слуша гласна музика. Влегува Ана, облечена за излегување.*

Ана: (*ја стишува музиката)* Лилика...!

*Лилика продолжува да го разгледува списанието.*

Ана: Нема да ме гушнеш?...Ајде мицо, не ми прај вака. Срцево ми се кине. За неколку недели ќе се видиме. Што е страшно, тука е Јанко, мајка му...Јас ќе ти се јавувам, и кога ќе можам да ти пратам пари, ќе дојдеш. Треба да се радуваш...Ајде...

*Ана пробува да ја баци Лилика во образ, Лилика и удира шамар. Се слуша свирка на кола.*

Ана: Треба да тргнеме.

*Лилика гледа во списанието.*

*Ана излегува. Лилика седи некое време. Потоа станува, гледа низ прозорецот. Почнува да липа. Го отвора.*

Лилика: (*вика*) Мамичке!!! Не ме оставај мамичке...!!!

*Се врти, со трчање излегува од собата.*

Сцена 11

*Чешма кај бараките. Лилика пере. Доаѓа Јанко. Ја фаќа за рака.*

Лилика: Како си Јанко?

*Јанко зема да пере со неа.*

Лилика: Остај, не се многу.

*Јанко оптегнува јаже на шипките, и чека.*

*Лилика престанува да пере, ги брише рацете од облеката.*

Лилика: Нема веќе прашок.

*Јанко ја гушка.*

Лилика: Си отидоа...Јанко. (*плаче*)

Сцена 12

*Улица. Лилика и Јанко стојат со еден куп алишта, садови, украсни предмети, детско креветче пред нив.*

Лилика:...Толку од сонот за Америка...Мислат ќе плачам...Али ако...Баш ми е гајле за мајка ми, баш ми е гајле за татко ми, баш ми е гајле за се...
...Ти среќен си овде?
...Не ти е сеедно...Што правиш ти овде...? На татко ти и мајка ти им е гајле за тебе...Место да те научат да збориш, татко ти ги пие парите. Те тера да растовараш камиони, можеш кила да добиеш. Може и нема намера да те прими назад, кога веќе те избркал од дома...
...Јас повеќе би сакала да ме нема...Јелена ми кажа дека во клубот, може да се заработи многу пари. За само една вечер, и никогаш повеќе да не ги видам ни бараките, ни чичковците во тој клуб...

*Лилика го шутира купот со алишта.*

Лилика: Си одиме...Никој нејќе да купува стари работи.

Сцена 13

*Градилиштe. Лилика и Јанко седат во еден ќош.*

Лилика: Од кога знам, местово е градилиште. Никогаш ништо не се изградило. Прв пат дојдов овде, навечер...Ме тепаше Петар. Тука преспав, се укочив цела...После го гледав небото...Само него можам да го гледам со саати и да не ми здосади. Постојано се менува. Веќе во наредната секунда е различно. Како мала сум сакала да бидам пилот. Незнам зошто. Никогаш не сум се возела со авион. Сега, незнам што сакам да бидам...

*Се слуша звук на кршење.*

Лилика: Пак оние двајцата. Не ги гледај. Ќе си одат. Само се силат.

*Лилика вади кесе и става лепак. Мириса. Потоа му дава на Јанко.*

Лилика: (*станува*) Ај да се пентариме...

*Јанко ја повлекува за рака, да седне.*

Лилика: Ги нема, си отишле...Ај ако се качиш ти онде, јас ќе украдам цигари, ако не ти...Ајде Јанко што ме гледаш така, пак те мавна у глава...Е многу си смешен...

*Јанко станува, ја фаќа Лилика за рака, и почнува да трча со неа.*

Лилика: Нее...! Јанко, ќе паднеме. Аааа! Застани, ти не си нормален.

*Застануваат. Се смеат. Седнуваат на земја.*

Лилика: Можевме да паднеме...
...Ај да останеме овде да спиеме...

*Лилика од цебот вади писмо, го гори со запалка.*

Лилика:...Од мајка ми. Се откажува од старателство.

Сцена 14

*Стан. Спална соба. Лилика и Јанко лежат на кревет.*

Лилика: Јас сум гладна...Би изела цела пица...и палачинка за десерт...со шлаг...

*Лилика станува нагло. Пали светло. Почнува да се облака. Седнува на стол, се шминка.*

*Јанко ја гледа. Јанко станува и со раката и го размачкува кармином.*

Лилика: Што правиш бе...? Ама сигурно ќе одам, прави што сакаш.
...Јанко, пушти ме!

*Се слуша тропање на врата. Лилика тргнува. Јанко ја задржува.*

Лилика: Да видам кој е?

*Јанко не ја пушта. Некој пак тропа силно на вратата.*

Лилика: Ќе ја скршат.

Глас: Отворете полиција!

Лилика: Мораме да отвориме, ќе влезат со сила.

*Лилика оди да ја отвори вратата. Се слуша врискање.*

*Влегуваат Зелен и Црвен, ја држат Лилика во раце. Ја фрлаат во кревет.*

Лилика: (*вриска*) Бегај!

Црвен: Ти реков ќе те начекам...Ти, Јанко гледај и учи се.

*Јанко го фаќа Црвен за раце. Почнува да плаче.*

Зелен: Еј, се расплаче овој.

*Зелен ја држи Лилика. Лилика вриска. Црвен ја силува.*

Сцена 15

*Клубот. Гласна музика. Лилика облечена провокативно седи на шанк, свртена со грб. Пуши цигара. На сепаре близу шанкот седи Кирил, 25 годишен дечко. Ја испива пијачката на екс. Вика келнер. Еден келнер оди кај Кирил. Му плаќа. Кирил си оди. Музиката се стишува, се палат светла. Лилика станува од столчето. Ја гаси цигарата. Ја тутка кутијата цигари и ја пушта на земја.Си ја облекува јакната. Ја зема ташната. Си оди.*

Сцена 16

*Автобуска станица. Лилика облечена како во клубот, стопира. Доаѓа Кирил, кој бутка мотор. Застанува.*

Кирил: Здраво!

Лилика: Здраво...

Кирил:...Беше предмалку во клубот. Нели?

Лилика: Да...

Кирил: Те видов...И јас бев. Кирил.

Лилика: Лилика...Можам некако да ти помогнам?

Кирил: Да. Буткај ме од позади...Се зезам.

Лилика: Што ќе правиш?

Кирил: Ќе се качам во автобус со тебе.

Лилика: А моторот?

Кирил: Ќе го оставам.

Лилика: Нема автобус. Го пропуштивме последниот.

Кирил: Да? Тогаш...има нешто за јадење во близина?

Лилика:...Ти не си од тука?

Кирил: Од тука сум, но живеам во Холандија. Имам баба таму.

Лилика: Холандија. Зошто доаѓаш, воопшто?...Јас да можам да си одам...никогаш повеќе не би се вратила.

Кирил: Си одам за две недели...
...Секогаш си одиш ова време, со автобус?

Лилика: Првпат вечерва.

Кирил: Сама?

Лилика: Ја изгубив другарка ми, си отишла порано дома.

Кирил: Не се плашиш?

Лилика: Од што?

Кирил: Опасно е навечер.

Лилика: Навикната сум.

Кирил: Каде живееш?

Лилика: Во бараките, кај кејот.

Кирил: Па, не е баш блиску.

Лилика: Имаш цигара?

*Кирил и дава цигара.*

Лилика: Ти доаѓаш овде, во клубов?

Кирил: Кога сум дојден, овде излегувам...Ладно ти е?

Лилика: Не, но може да тргнеме пешки, ќе начекаме некоја кола.

Кирил: Ти викам ако сакаш може да јадеме или да одиме кај мене, живеам блиску...А?

Лилика: ...Немам пари.

Кирил: Не би ни дозволил да платиш...Ајде ќе земеме за јадење и ќе одиме до кај мене...После ќе те испратам до дома...

Сцена 17

*Станот на Кирил. Лилика седи на тросед. Кирил до неа. Јадат.*

Лилика: Сега ќе сакаш да спиеш со мене?

Кирил: Не.

Лилика: Не сум толку глупава...Што сакаш од мене?

Кирил: Ништо. Можеш одма да си одиш ако сакаш.
...Ми беше жал да си одиш сама. Тоа само. Може да ти се случи нешто на улица...Сакаш сок?

Лилика: Може.

Кирил: ...Не сум таков...

*Кирил донесува сок. Седнува до неа.*

Лилика: Ти се познава по очите дека си добар.

Кирил: Да јадеме, па ќе те силувам.

Лилика: Не ми збори така.

Кирил: Ама барем ти кажувам... После тоа ќе те убијам.

Лилика: Ќе си одам.

Кирил: Нема кваки, како ќе излезеш.

Лилика: Абе престани.

Кирил: Добро. Се плашиш...Кажи ми...што си мислиш за мене?

Лилика: Ништо не си мислам. Те запознав пред пола саат.

Кирил: Не сакам да се плашиш...или да не ти е убаво.

Лилика: Се е во ред.

Кирил: Ако се најаде, може да те носам дома.

Сцена 18

*Играчница. Лилика и Кирил седат на автомобилски седишта еден до друг, управуваат со волани.*

*Кирил губи, станува. Лилика се смее. Кирил и го зема воланот во раце.*

Лилика: Не е феер...

Кирил: Готова си малечка. GAME OVER…

Лилика: Ќе победев.

Кирил: Време е да си одиш дома.

*Кирил ја пољубува. Лилика останува на седиштето, се љубат.*

Лилика: Кирил, срамота е.

Кирил: Ако мислиш колку вакви, како нас, гледа на ден, ќе пропуштиме многу.

Сцена 19

*Стан. Спална соба. Лилика и Јанко лежат на кревет.*

Лилика: Ме сака...

*Лилика ги зема апчињата од натkаснатa во рака*

Лилика: ...За што се овие?

*Јанко се врти на другата страна. Лилика ги остава апчињата.*

Лилика: ...Многу ме сака. Ќе ме земе со него во Холандија... ...Еден ден кога ќе купам една убава црвена кола без кров, ќе дојдам овде, кај нашиве бараки. Ќе почнам да свирам, и да вртам кругови околу баракиве, и сите ќе излезат да ме гледаат. ...И ќе викаат: Лилика, Лилика, еве ја нашата Лилика, и вака ќе ме поздравуваат. А јас само ќе јурам околу баракиве и никого нема да гледам. И ветар ќе ми ја носи косата...и новиот фустан, и они ќе викаат: "Колку е убава наша Лилика". А јас само ќе свирам, свирам и возам кругови, кругови и кругови околу баракиве.

*Јанко станува.*

Лилика: Чекај, Јанко не се лути. Јас единствено те сакам, од сите овде...

*Јанко седнува на кревет. Лилика станува, го отвора шкафот.*

Лилика: Што да облечам за вечер...?
...Сврти се...Ако не мижиш ќе те избркам од собава.

*Јанко го отвора кутивчето со апчиња, и си истура во раката.*

Лилика: *(се врти, го гледа Јанко)* Остави ги, незнам за што се.

*Јанко ја става раката на уста, за да ги лапне.*

Лилика: Јанко!

*Јанко паѓа на кревет.*

Лилика: (*го крева)* Ме слушаш ли бе?
Јанко, немој де се зезаш...Јанко слушаш ли нешто...?

*Лилика му го слуша срцето, му дава вештачко дишење. Јанко се смее.*

Лилика: Ај изгуби се...глупав еден...ме преплаши.

*Јанко се смее.*

Лилика: Излегувај! Да, излегувај!

Сцена 20

*Бараките. Јанко седи покрај бараката. Лилика стои со голема играчка мечка во рацете. Кирил ја гушка преку мечката.*

Кирил: Колку сакам дебели девојчиња.

Лилика: (*се смее)* Не сум дебела.

Кирил: Не си? Ова што е? А а, а ова?

Лилика: Немој немој, добро дебела сум, дебела сум.

Кирил: (*ја гушка*) Ај бриши дома. Што е ова до касно излагање...

Лилика: Што да и правам на мечкава...?

Кирил: Сакаш јас да ја чувам и да ја носам секој пат кога ќе се видиме?

Лилика: Кирил...многу ми е убаво со тебе.

Кирил: Нормално...ајде спиј убаво.

Лилика: И ти. (*го йољубува*) Ќе дојдеш утре?

Кирил: А не, утре одам за Холандија. Другата година може.

Лилика: Немој така да ми збориш...

Кирил: Ќе дојдам, сакаш овде да останам цела вечер?

*Лилика го гушка. Кирил си оди. Лилика шргнува да си оди. Го гледа Јанко.*

Лилика: Ме уплаши. Што правиш тука?

*Лилика седнува до него.*

Лилика:...Што е, се љутиш?
...Тој ме сака. Нема да ме повреди...Што си се уплашил?
..Јанко немој да бидеш љубоморен...
...Знаеш дека не е така...знаеш дека уште сме другари...Нема потреба да ми правиш вака.
Утре ќе го прашам дали може да најде работа за тебе во Холандија. Ќе те земам Јанко. (*го гушка*) Сите ќе заминеме од овде.

Сцена 21

*Станот на Лилика. Кирил седи на трпезариска маса. Лилика стои кај прозорецот, гледа.*

Кирил: Како те оставиле сама?

Лилика: Мајка ми не ме сака...Го сакаше само него и брат ми. Сакаше да живее само со нив. Никој не ме сакал. Мојот вистински татко ме направил и си отишол. Така ми кажа една тетка Вера. Бил гостин во хотелот. Мајка ми тогаш била собарка, али не сака да збори за тоа. Еднаш и барав слика. Ја прашав каде е татко ми, а она ми рече знаела, па заборавила, како се вика тоа место. Јас тогаш и реков: Негде во Америка?, зашто така имав разбрано. А она ми рече подалеку...
...Па и да е таму...подалеку од Америка, ако татко ми ме сакал ќе дојдел барем еднаш. Би ме земал во раце и би ми рекол: Како си Лилика, срце на тато?
Нели?...Јас така мислам...

*Кирил ја гушка.*

Лилика: Ако. Баш ми е гајле за мајка ми. Баш ми е гајле за татко ми..баш ми е гајле за се.
Само сакам да имам некогаш дете, како мојот помал брат. Би си го крстила Бато. Тоа име ми се свиѓа.
...Кирил?...Ќе ме земеш со тебе во Холандија?
... Ќе работам било што. Ќе се грижам за баба ти...Само однеси ме...

Кирил: Да...

Лилика: Многу си фин со мене.

Кирил: Да.

Лилика: Јас не сум имала дечко до сега.

Кирил: Шшш...Доста (*ја бакнува)*

Лилика: Може само да те прашам нешто?

Кирил: Ајде?

Лилика: Имам другар, многу добар, од мали сме заедно. Не знае да зборува. Овде растовара кај татко му. Мислев...ако може некако да прашаш...Има шанси да најде работа, во Холандија и он???...

*Кирил почнува да ја љуби.*

Сцена 22

*Стан. Детска соба. Лилика се пакува, Јанко ја гледа.*

Лилика: Битно му кажав...А ти како си можел да прислушкуваш?

*Јанко и ги фаќа рацете.*

Лилика: Тргни ми се од пред очи, неможеш ни девојка да си фатиш на 18 години. Пушти ме. Ти не си ми ништо, па да ми кажуваш што да правам. Па и да е така, да сака само да ме легне, мој проблем. Ти забранувам да си ме допрел.

*Јанко ја пушта и излегува со трчање.*

Лилика: Јанко!

*Лилика ја остава торбата.Тргнува по него.*

Сцена 23

*Станот на Кирил. Кирил и Лилика лежат на кревет.*

Кирил: Така викаш зашто си одиш....Вака ќе ти биде првите неколку дена или месец. Ќе се сеќаваш на сите, кој каков бил, кој што ти рекол, те навредил, па ќе почнеш да им ги простуваш прво иситните работи, после ќе ги оправдуваш за се, и ќе мислиш дека неправедно си постапила, зашто ти биле најблиски

луѓе кои ги имаш, ќе се каеш што си заминала, но еден ден...Памти ми го ова...еден ден веќе се ќе ти биде исто. Нема да има ништо зад тебе, да погледнеш, да мислиш, ништо ...се ќе заборавиш.

Лилика: Кирил јас немам никој...
...Друго сакав да ти кажам...Сватив дека немам ништо што сакам да земам. Вака како што сум. Не ми е воопшто криво што идам. Само ќе ми недостигаат баракиве, овде пораснав. И Јанко...ќе се вратам по него, нели? Во Холандија може лесно да се најде работа за машки.

Кирил: Лилика, има една работа што треба да ја знаеш.
...Пасошот...не е на твое име...

Лилика: Не сакам да знам...

Кирил: И уште нешто...сабајлево ми јавија...Баба ми, оваа што е овде...е многу болна... може да умре. Јас морам да ја видам... она ме израсна...Ќе мора да тргнеш сама...во дванаесет.

Лилика: Не одам без тебе.

Кирил: Ама јас ќе дојдам утре.
...Во Холандија ќе те пречека мојот пријател на аеродром, и ќе те однесе во мојот стан. Ќе чекаш да дојдам јас. Само еден ден. Јас доаѓам утре...Верувај ми...погледни ме во очи...

Лилика: Морам да го видам Јанко. (*излегува)*

Кирил: (*збори на телефон*)...Ќе ја пуштам во дванаесет...

Сцена 24

*Кеј со клупи. Јанко и Лилика.*

Лилика: Ќе се вратам по тебе.
...Веруваш во тоа.

...Во Холандија лесно се наоѓа работа за машки...Го прашав Кирил...Само да се сместиме и веднаш ќе почнам да средувам, за тебе...Издржи Јанко...ќе те носам од овде...Незнам дали ми се плаче од радост или од жал...Си одам без да ги видам мајка ми, брат ми...никогаш веќе нема да ги видам.
...Не ни треба да ти зборам сега за нив...Ќе се вратам по тебе, ветувам. Ќе ти купам нешто за роденденот...вистнски поклон. Не да го правам сама.

*Јанко ја гушка, тргнува да си оди.*

Лилика: Почекај јас да си отидам прва Јанко, не ми го врти грбот.

Сцена 25

*Јанко седи на кеј. Доаѓаат Црвен и Зелен.*

Црвен: Како си Јанко?...Не слушам...

Зелен: Глуп, незнае да збори.

Црвен: (*вади нож)* Сакаш ти да збориш место него?...
...Слушај Јанко...Ако не прозбориш, ќе те фрлам у рекава.

Црвен: Кај е малата? Не се дружите веќе...Што си ваков бе...да не мислеше да се фрлиш пред да дојдеме. А?

Црвен: Зелен, оди купи пиво.

*Зелен тргнува. Јанко станува.*

Црвен: (*со нож)* Ти седи бе, кај си тргнал?...Ако не седнеш, сам ќе се набодеш.

*Јанко седнува.*

Црвен: Каде брзаш...Сите негде само брзаат, да не ги застанеш, да ги прашаш нешто. Можеш да испиеш триесет пива?

Ако ги испиеш, ќе те пуштам...ако не...знаеш, у река.

*Се враќа Зелен со гајба пиво.*

*Црвен вади едно пиво, му го дава на Јанко. Вади уште едно за себе.*

Црвен: (*на Зелен*) Ти број колку ќе испие.

Сцена 26

*Стан. Лилика влегува со четириесет годишен маж.*

Лилика: Don’t speak english?

*Мажот молчи.*

Лилика: Хм...У пичку матер...Кажи нешто! Кирил, твојот пријател. Он ми рече дека ти ќе ме однесеш во неговиот стан...Ова е тој стан? Кога ќе дојде тој, се јави...?

*Мажот ја затвора вратата, ја заклучува.*

Сцена 27

*Станот. Купатило. Лилика лежи во када. Ја разбуричкува водата со раце.Се слуша звук од отклучување на врата. Лилика наслушнува.*

Лилика: Кирил?! Ти ли си Кирил?!

*Вратата од купатилото се отвора. Се појавува четириесет годишниот маж.*

Лилика: Излези да се облечам.

*Мажот ја вади Лилика од кадата.*

Лилика: Пушти ме! ( *го бутка од* себе)

*Тој ја удира. Лилика паѓа покрај кадата. Ја силува.*

МРАК

*Лилика лежи на земја. Влегува мажот. Ја крева, ја изнесува од купатилото.*

Сцена 28

*Кеј. Јанко седи гол по гаќи. Црвен се соблекува.*

Зелен: Немој бе Црвен...

Црвен: Немој ти мене немој, јасно.

Зелен: (*го фаќа Црвен за рака*) Пијан си?

*Црвен го фаќа за врат Зелен. Го бутка.*

Црвен: Ќе научиш да пливаш...

Зелен: Пушти ме.

*Зелен му го зема ножот од панталоните, и му го забодува во стомак на Црвен.*

*Јанко крши шише.*

Зелен: Мали иди си ти, ќе си идам и јас. Ко ништо да не било, Ќе го однесе водава. (*го фрла ножот, во вода*) Еве, немам ништо.

*Јанко проба да го забоде Зелен. Се туркаат. Зелен паѓа во вода.*

*Јанко си ги пресекува вените.*

Сцена 29
*Стан. Лилика лежи на троседот. Облеката и е искината, лицето модро. Доаѓа Јанко.*

Јанко: Лилика!

Лилика: Јанко! Што бараш овде...?

Јанко: Да те видам...

Лилика: Ти зборуваш!

Јанко: Не се врати по мене Лилика.

Лилика: Бев глупава Јанко, не те слушав кога ми збореше.

Јанко: Не ти се лутам веќе.

Лилика: Веќе е касно.

Јанко: Ти секогаш ми збореше дека не смеам да се откажам. ...Погледни ја вратата...мораш да станеш. Мораш да си одиш од овде.

Лилика: Неможам.

*Јанко ја крева.*

Лилика: Немам каде.

Јанко: Еднаш ти ми рече, дека морам јас да победам.

Лилика: А ти што направи?

*Јанко си оди. Лилика сеуште лежи на троседот. Погледнува кон вратата. Станува, излегува низ вратата.*

Сцена 30

*Мост. На мостот стои Лилика. Облеката и е искината, лицето модро. Доаѓа Јанко.*

Јанко: Што правиш Лилика?

Лилика: Ја гледам водата. Никогаш не е иста. Во наредната секунда, веќе е различна.

Јанко: Успеа. Ти текнува, еднаш ти ме молеше да се симнам од мостов. ...Сакаш да живееш уште.

Лилика: Немам избор.

Јанко: Имаш. Сега си слободна. Не го прави тоа Лилика, немој тие да победат.

*Лилика се фрла од мостот.*